РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1222/4
17-12-2020 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ---------------------- на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1222/1 од 19.02.2020 година оформен по пријава од подносителот -------------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1222/1 од 19.02.2020 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1222/1 од 19.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -----------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за наводи за сомневање на незаконитости и неправилности во постапката за вработување на три извршители на работно место 1700/81 Ракувач на кондензација во Службата за производство, Производна единица Термоелектрана во Подружница РЕК Осломеј - Осломеј на АД ЕСМ-Скопје, врз основа на Јавен оглас бр. 04-322/1 од 21.01.2020 година.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1222/2 од 07.07.2020 година со кое побара од АД Електрани на Северна Македонија Подружница РЕК "Осломеј"с.Осломеј да достави целосна информација за спроведената постапка за вработување на три извршители на работно место 1700/81 Ракувач на кондензација во Службата за производство, Производна единица Термоелектрана во Подружница РЕК Осломеј - Осломеј на АД ЕСМ-Скопје, врз основа на Јавен оглас бр. 04-322/1 од 21.01.2020 година, со прилог документација (записници, одлуки и други релевантни документи).

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од АД Електрани на Северна Македонија Подружница РЕК"Осломеј"с.Осломеј во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното

- На ден 20.01.2020 година бил објавен јавен оглас со број 04-322/2 од 20.01.2020 година 143/2019 за вработување на повеќе извршители на повеќе работни места, детално наведени во огласот меѓу кои и три извршители за работно место 1700/81 Ракувач на кондензација во Службата за производство, Производна единица Термоелектрана во Подружница РЕК Осломеј - Осломеј на АД ЕСМ-Скопје.
- Во јавниот оглас за споменатото работно место се објавено дека се бараат тројца извршители на работно место 1700/81 Ракувач на кондензација во Служба за производство, Производна единица Термоелектрана, каде кандидатите покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнуваат и следните посебни услови : IV степен, ССС-машинско, електро , енергетско со положен ВКВ испит, 1 година работно искуство и стручен испит.
- На ден 04.02.2020 година со Одлука за избор на кандидати по јавен оглас бр. 04-322/2 од 20.01.2020 година двата Директори на Подружница РЕК Осломеј –Осломеј за извршување на работи на неопределено време за извршител на работно место 1700/81 Ракувач на кондензација во Службата за производство, Производна единица Термоелектрана во Подружница РЕК Осломеј – Осломеј ги избрале следните лица : --------------------------------. Од увидот во доставената документација утврдено е дека ------------------------------------- се машински техничари, со бараното работно искуство од 1 година и сите ги исполнуваат бараните општи и посебни услови утврдени во јавниот оглас.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека двата Директори на Подружница РЕК Осломеј–Осломеј за извршување на работи на неопределено време за извршител на работно место 1700/81 Ракувач на кондензација во Службата за производство, Производна единица Термоелектрана во Подружница РЕК Осломеј – Осломеј ги избрале кандидатите ги исполниле утврдените општи и посебни услови во јавниот оглас за работното место за кое се пријавиле, поради што ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**